Службен весник на РМ, бр. 172 од 14.9.2018 година

**20181723170**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.9.2018 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/18, 29/18, 85/18, 117/18, 139/18, 150/18 и 160/18) во член 2 по ставот (2) во табелата во подмерката 1.20. алинејата 1 се менува и гласи:

„Корисници на ова подмерка се правни лица откупувачи на пченица регистирани за преработка на земјоделски производи запишани во Регистерот на откупувачи на земјоделски производи, кои извршиле откуп и исплата на пченица од род 2018 година, од домашно производство директно од земјоделските стопанства врз основа на склучен Договор за откуп согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој, или преку еден регистриран откупувач на земјоделски производи.“

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите „1.7.,1.10.и 1.12-а. од член 2 став (2) “ се заменуваат со зборовите „1.7,1.10, 1.12-а,1.20.и 1.21.од член 2 став(2)“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-8618/1
11 септември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.